**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202- 27/38
01. 09. 2023 год.
Скопје

# У С Л О В И
# ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРЕДИЗВИКАНИ НА ТРЕТИ ЛИЦА
# (ОСИГУРУВАЊЕ НА АВТООДГОВОРНОСТ - АО)

**Скопје, септември 2023 г.**

Усвоени со одлука на Управен одбор број0202- 27/37 од 01.09.2023 година

УСЛОВИ
# ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СООБРАЌАЈОТ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ПРЕДИЗВИКАНИ НА ТРЕТИ ЛИЦА (ОСИГУРУВАЊЕ НА АВТООДГОВОРНОСТ - АО)

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Одделните изрази употребени со овие услови ги имаат следните значења:

1. Осигурител - Друштвото за осигурување **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ.**

2. Договарач на осигурувањето - лице кое со осигурителот склучило договор за осигурување.

3. Осигуреник - лице чиј имотен интерес е осигурен.

4. Осигурен случај - настан што може да доведе до остварување на оштетно побарување од страна на оштетениот.

5. Корисник - сопственик на моторно возило и секое лице што има право на располагање, односно кому возилото му е дадено на користење.

6. Сума на осигурување - износ на кој е осигурен имотниот интерес.

7. Премија - износ што договарачот на осигурувањето го плаќа по договорот за осигурување.

8. Полиса - исправа за договор за осигурување.

## ОБЕМ НА ПОКРИТИЕ

### Член 1

(1) Осигурителот има обврска, врз основа на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот од одговорност за штети предизвикани на трети лица во сообраќајот, да надомести штета ако со употреба на моторно возило причини штета на трето лице, поради:

1. Смрт, телесна повреда, нарушување на здравјето, или

2. Уништување или оштетување предмети, освен од одговорност за штети за предмети што ги примил на превоз.

(2) Покрај одговорноста на корисникот на возилото, осигурена е и одговорноста на сите лица што во согласност со сопственикот управуваат со превозното средство (возач, кондуктер и сл.), како и на лицата што се превезуваат во возилото по волја на неговиот корисник.

(3) Со осигурувањето од одговорност, опфатена е и одговорноста за штета што ќе ја причини приклучно или неисправно возило додека е споено со возилото што го влече и откако се одвои од тоа возило и дејствува во функционална зависност со него без оглед на бројот на оштетените. Повеќе временски поврзани штети, ако настанале поради иста причина, претставуваат еден осигурен случај.

(4) При настанување осигурен случај ќе се применуваат само пропишаните минимални суми на осигурување на кои може да биде договорено осигурувањето од автомобилска одговорност пресметани во денарска противвредност по курсот на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата и тие изнесуваат:

1. За штети поради смрт, телесна повреда и нарушување на здравјето, по штетен настан без оглед на бројот на оштетени лица:

- 200.000,00 евра за автобуси и товарни возила
- 100.000,00 евра за други моторни возила
- 300.000,00 евра за моторни возила кои пренесуваат опасни материи и

2. За штети поради уништување или оштетување предмети, по штетен настан без оглед на бројот на оштетени лица:

- 100.000,00 евра за автобуси и товарни возила
- 50.000,00 евра за други моторни возила
- 150.000,00 евра за моторни возила кои пренесуваат опасни материи.

(5) Обврската на друштвото за осигурување, која произлегува од осигурувањето на автомобилска одговорност, не може да биде поголема од минималните суми на осигурување од ставот 1 и 2 на овој член.

(6) Ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надоместок го надминува износот на кој е договорено осигурувањето од автомобилска одговорност, правата на оштетените лица спрема друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат.

(7) Друштвото за осигурување ако исплати поголем надоместок на штета на едно оштетено лице, од оној што му припаѓа со оглед на сразмерното намалување на надоместокот поради тоа што не знаело ниту можело да знае дека постојат други оштетени лица, има обврска спрема другите оштетени лица само до висината на износот на кој е договорено осигурувањето од автомобилска одговорност.

## ВЛИЈАНИЕ НА ПРОМЕНА НА СОПСТВЕНОСТА НА ВОЗИЛОТО ВРЗ ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 2

Ако во текот на траењето на осигурувањето се промени сопственикот, односно корисникот на моторното возило, правата и обврските од договорот за осигурување од автомобилска одговорност преминуваат врз новиот сопственик, односно корисник и траат до истекот на тековниот период за осигурување.

## ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК НА ШТЕТА

### Член 3

Право на надоместок на штета врз основа на осигурување од автомобилска одговорност има секое лице освен:

1) лицето кое управувало со моторното возило со чија употреба е предизвикана незгодата;
2) сопственикот, сосопственикот, договарачот на осигурувањето и секој друг корисник на возилото, кој во моментот на настанување на незгодата не управувал со моторното возило со чија употреба е предизвикана незгодата, но само за износот на штета поради уништување или оштетување предмети;
3) лице кое на нелегален начин присвоило моторно возило, како и соучесникот во нелегалното присвојување на моторното возило, со чија употреба е предизвикана незгодата, без разлика дали тоа управувало со моторното возило во моментот на настанување на незгодата, и
4) лица што штетата ја претрпеле како резултат на:

- употреба на моторно возило во спортски приредби за кои е добиена официјална согласност и на кои е потребно да се постигне максимална брзина, и
- употреба на моторното возило во терористички акт или воени операции дефинирани согласно со Кривичниот законик.

## ПРАВО НА СУБРОГАЦИЈА

### Член 4

(1) Со осигурувањето на автомобилска одговорност се опфатени и штетите предизвикани со употреба на моторно возило од неовластено лице.

(2) За неовластено лице во смисла на ставот 1 од овој член се смета лице кое:

а) управувало моторно возило без соодветна возачка исправа (вклучувајќи лице кое е на обука за добивање возачка исправа без присуство на овластено лице) или,

б) на нелегален начин управувало со моторно возило, или лице кое е соучесник во таквиот чин или,

в) управувало со моторно возило под дејство на алкохол над дозволеното ниво согласно со закон, наркотички droги, или психотропни супстанции.

(3) Друштвото за осигурување што ќе ја надомести штетата предизвикана со употреба на моторно возило од страна на неовластено лице, има право на регрес за исплатениот износ на надоместок на штета заедно со каматата и трошоците создадени на тој начин од неовластеното лице.

## ГУБЕЊЕ НА ПРАВАТА ОД ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 5

(1) Осигуреникот ги губи правата од осигурување:

1. Ако овозможи да се превезуваат лица на место кое не е предвидено за превоз на лица, за барањата што тие лица ќе ги поставaт, освен за барања на лицата што се превезуваат во согласност со прописите.

2. Ако со возилото управува без пропишана дозвола за соодветен вид возило или ако му е изречена мерка на безбедност или заштитна мерка управување со тој вид возило, или без надзор на овластен возач - инструктор се обучува за управување со моторно возило во сообраќајот.

3. Ако возилото го користело или управувало неовластено лице. Во смисла на овие услови, се смета дека возилото неовластено го користело, односно го управувало лице што без знаење и одобрение на осигуреникот управувало со возилото, како и лице што противправно се послужило со моторното возило.

4. Ако во моментот на сообраќајната незгода возилото го управувал под дејство на алкохол, дрога или други наркотици.

а) се смета дека возачот бил под дејство на алкохол ако:

- за време на управување со возилото имал алкохол во организмот или покажувал знаци на алкохолно нарушување без оглед на количината на алкохол ако управувањето му е основно занимање (професија), односно имал повеќе од 0,5 (промили) алкохол за возач аматер;

- ако алкохолниот тест е позитивен, а не се погрижи со помош на анализа на крвта да се утврди степенот на неговата алкохолизираност, освен ако земањето крв го загрозува неговото здравје (на пр. хемофилија);

- ако по сообраќајната незгода избега или одбие да се подложи на испитување на неговата алкохолизираност, или консумира алкохол, така што го оневозможи утврдувањето на присуство на алкохол во крвта во моментот на настанување на штетата.

б) се смета дека возачот е под дејство на дрога или други наркотици ако:

- со стручен преглед се утврди дека покажува знаци на нарушеност поради употреба на дрога или други наркотици,

- по сообраќајната незгода избега или одбие да се подложи на испитување неговата дрогираност.

(2) Ако не е платена дополнителна премија за зголемен ризик, осигуреникот ги губи правата од осигурување за секој осигурен случај во сразмер помеѓу платената премија и премијата што требало да се плати.

(3) Осигурителот има право на регрес врз основа на исплатените износи на надоместените штети, заедно со камата и трошоци.

## ОБВРСКИ НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈНАТА НЕЗГОДА

### Размена на информации

Член 6

Во случај на сообраќајна незгода, лицата учесници во сообраќајната незгода се должни меѓусебно да разменат податоци од личните документи за идентификација, регистарските податоци за моторното возило и документите од кои може да се види дека склучиле договор за осигурување од автомобилска одговорност согласно со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО СОПСТВЕНОТО

**Член 7**

(1) Сопственикот на моторното возило е должен да го извести друштвото за осигурување со кое склучил договор за осигурување од автомобилска одговорност за настанување на сообраќајната незгода и да достави пополнет Европски извештај за сообраќајната незгода, во рок од 30 дена од денот на настанување на незгодата.

(2) Непочитувањето на рокот за известување од ставот 1 на овој член не влијае врз правото на оштетеното лице за надоместок на штета.

(3) Доколку сопственикот на моторното возило не постапи согласно со одредбите од ставот 1 на овој член, друштвото за осигурување има право на регрес на сите исплатени средства или настанати трошоци што не би настанале доколку сопственикот на моторното возило ги почитувал роковите за известување предвидени во ставот 1 на овој член.

## ОБВРСКА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ВО ВРСКА СО СООБРАЌАЈНАТА НЕЗГОДА

**Член 8**

**(1)** Учесниците во сообраќајната незгода се должни, на барање на одговорното , да дадат опширно известување за околностите под кои се случила сообраќајната незгода, а во спротивно се должни да ја надоместат штетата настаната од неизвршувањето на обврската за известување.

**(2)** Органот на внатрешни работи, како и другите органи што ја водат постапката за сообраќајните несреќи, се должни на барање на друштвото за осигурување или оштетените лица да дадат податоци за сообраќајната несреќа.

## ПРАВО НА ПОСРЕДУВАЊЕ

**Член 9**

(1) Доколку оштетеното лице не е задоволно од надоместокот на штетата што му го понудило одговорното , тоа има право да поведе постапка на посредување согласно со прописите што ги уредуваат начинот и постапката на посредување.

(2) Друштвото за осигурување кое врши работи на осигурување од автомобилска одговорност е должно во договорот за осигурување од автомобилска одговорност да предвиди право на посредување во случај кога оштетеното лице не е задоволно од надоместокот на штетата што му го понудило одговорното .

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

**Член 10**

(1) Осигуреникот, според своите можности, е во обврска да му помогне на осигурителот во утврдување на одговорноста и е должен да му даде вистински и исцрпни податоци за штетниот настан и околностите под кои тој настанал.

(2) Ако против осигуреникот е истакнато оштетно барање, поднесена е тужба за надоместок на штета, поставено е имотно-правно побарување или е ставен предлог за обезбедување докази, тој е во обврска, без одлагање, за тоа да го извести осигурителот и да му ги достави сите докази што ги содржи соодветното побарување.

(3) Осигуреникот е должен водењето на парницата да му го препушти на осигурителот.

(4) Осигуреникот е должен обработувањето на оштетното побарување да му го препушти на осигурителот и нема право да го одбие, а особено нема право да го признае, освен ако со тоа не се прави очигледна неправда.

(5) Договарачот на осигурувањето, односно осигуреникот, е должен сите свои известувања упатени на осигурителот писмено да ги потврди, а особено за промената на име, назив и адреса.

(6) Повредата на обврските од овој член има за последица смалување на обврските на осигурителот за толку колку што настанала поголема штета поради тие повреди.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРИТЕЛОТ

### Член 11

(1) Осигурителот е должен да ги подмири оправданите барања и да превземе мерки за заштита на осигуреникот од неосновани или од претерани оштетни барања.

Ако осигурителот ја повреди оваа обврска, должен е на осигуреникот да му ја надомести штетата.

(2) Осигурителот е овластен во име на осигуреникот да ги дава сите изјави, кои според негово мислење се потребни, заради надоместок на штетата, или заради заштита од неосновани или претрпени барања.

(3) Трошоците за одбрана на осигуреникот во кривична постапка ги надоместува осигурителот само во случај кога изрично дал согласност за бранител и се обврзал за надоместок на трошоците.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ВАЖЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 12

(1) Осигурителното покритие, ако не е договорено поинаку, се однесува на територијата на Република Македонија и на земјите членки на Советот на бироа за зелена карта. За издавање на зелената карта се наплатува премија со посебна одлука, која ја носи Националното биро за осигурување.

(2) За возилата што ги користат македонските работници и други организации за изведување градежни, монтажни, истражувачки и слични работи надвор од територијата на Република Македонија, може за време на изведувањето на тие работи, да се склучи осигурување од одговорност по овие услови.

(3) Ако во државата во која настапил осигурен случај, осигурувањето од одговорност е задолжително, се смета дека осигурувањето било договорено на минимална осигурена сума пропишана во таа земја, освен ако покритието од полисата за осигурување е поповолна за осигуреникот.

(4) За возила со странска регистрација осигурувањето важи само на територијата на Република Македонија и не може да се издаде зелена карта.

## ЗАПОЧНУВАЊЕ И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

### Член 13

(1) Обврската на осигурителот од договорот за осигурување започнува по истекот на 24 часа на денот што во исправата за осигурување е наведен како почеток на осигурување, ако до тој ден е платена премијата, односно по истекот на 24 часот на денот кога премијата е платена, освен ако не е договорено поинаку.

(2) Обврската на осигурителот престанува по истекот на 24 часот на денот што во исправата за осигурување е наведен како ден на истек на осигурувањето.

## УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

### Член 14

(1) Премијата за осигурување се утврдува со Тарифата на премии за осигурување од автомобилска одговорност.

## УТВРДУВАЊЕ ПРЕМИЈА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ОСТВАРЕН ШТЕТЕН НАСТАН

## БОНУС МАЛУС СИСТЕМ

### Член 15

Кога договарачот на осигурувањето склучува договор за осигурување по првпат, тој плаќа премија според основниот премиски систем -10.
Договарачот на осигурување преминува во нов премиски систем во зависност од тоа дали во изминатиот период на осигурување по неговиот договор за осигурување било пријавена штета. Во случај на промена на друштвото за осигурување, на договарачот на осигурувањето му се признава премискиот степен врз основа на порано склучениот договор за осигурување како и со увид во Централната евиденција за штети при Националното биро за осигурување.

На договарачот на осигурувањето осигуреникот кај кого во последниот период на осигурување по неговиот договор за осигурување не било пријавено штета, за следниот период на осигурување му се одобрува попуст на премијата, односно премин за еден премиски степен пониско во однос на премискиот степен во кој се наоѓал во претходниот период на осигурување. **Најповолен премиски степен е 1.**
За секоја пријавена штета во последниот период на осигурување по договорот за осигурување, договарачот на осигурувањето преминува еден премиски степен повисоко

во однос на премискиот степен во кој се наоѓал во претходниот период на осигурување. **Најнеповолен премиски степен е 18.**

Премиските степени и премијата во **%** од премијата за основниот премиски **степен 10** (100% премија во табелите по одделни тарифни групи) се следните:

| **СТЕПЕНИ НА БОНУС - МАЛУС** | |
|---|---|
| **степен** | **% од премијата на основниот степен 10** |
| 18 | 175 |
| 17 | 165 |
| 16 | 155 |
| 15 | 145 |
| 14 | 135 |
| 13 | 125 |
| 12 | 115 |
| 11 | 105 |
| **10** | **100** |
| 9 | 95 |
| 8 | 90 |
| 7 | 80 |
| 6 | 75 |
| 5 | 70 |
| 4 | 65 |
| 3 | 60 |
| 2 | 55 |
| 1 | 50 |

Во случај кога договарачот на осигурувањето презентира доказ дека не бил виновен за причинувањето на штетата во периодот кога му бил пресметан малус (врз основа на пријавената штета), тој има право на поврат на премијата еднаков на разликата меѓу премијата без малус и премијата со малус.

## ДРУГИ ОДРЕДБИ ЗА БОНУС И МАЛУС

### Член 16

На договарачот на осигурувањето, кој во континуитет имал склучено осигурување за шест или повеќе моторни возила и кај кого меродавниот технички резултат (однос меѓу ликвидирани и резервирани штети и полисирана техничка премија) во изминатите три години на осигурување изнесува помалку од 80%, му се одобрува попуст на премијата за следниот период на осигурување во висина од една половина (50%) од разликата помеѓу 80% и процентот на остварениот технички резултат.

На договарачот на осигурувањето кој имал склучено осигурување до 5 моторни возила, ако во изминатата година на осигурување биле пријавени две или повеќе штети за

возилата со кои е причинета штета, односно за возилото што е заменето, му се пресметува доплатна премија за следната година и тоа:

- 50% за пријавени две штети;
- 80% за пријавени три штети;
- 200% за пријавени четири и повеќе штети;

На договарачот за осигурување кој има заклучено осигурување за шест и повеќе возила и каде што меродавниот технички резултат (однос меѓу ликвидирани и резервирани штети и полисирана техничка премија) во изминатата година на осигурување изнесува од 120% му се пресметува доплаток (малус) на премијата за следната година за осигурување во процент што е еднаков на една половина (50%) од разликата помеѓу остварениот однос и 120% со тоа што доплатокот не може да изнесува повеќе од 200%.

Ако договарачот на осигурување склучил договор за осигурување со времетраење пократко од една година, ова осигурување не се зема како основа за намалување на премискиот степен во следниот период на осигурување, без оглед дали по неговиот договор за осигурување не било пријавена штета во периодот на осигурувањето. Во случај на пријавена штета, осигурувањето се зема како основа за зголемување на премискиот степен.

Во случај на промена на сопственоста на возилото, правото на бонус, односно обврската за плаќање малус, не се пренесува на новиот сопственик.

Ако во периодот на користење на правото за попуст, осигуреникот го отуѓи или го одјави возилото кај надлежниот орган, стекнатото право на попуст се пренесува и на новото возило, под услов возилото да е од иста тарифна група и по полисата на одјавеното, односно отуѓеното возило да не е пријавена штета.

Ако сопственикот по уништување на возилото, во рок од една година склучи договор за осигурување за возило од иста тарифна група, стекнатото право на бонус, односно обврската за плаќање малус се пренесува на новиот договор за осигурување.

При утврдувањето на меродавниот технички резултат се применуваат следните одредби:

- Бонусот, односно малусот, се пренесува и на возилата што договарачот ги набавил во тековната година на осигурување;
- Одредбите од утврдување на премијата во зависност од техничкиот резултат се применуваат само на договарачот на осигурување, кој на 31.12. од претходната година имал склучено осигурување на повеќе од 5 возила;
- Осигурителот и договарачот на осигурувањето имаат право да побараат повторна пресметка на бонусот, односно малусот, ако дополнително се утврди дека во пресметката не се земени оштетни барања што се основани, односно биле земени барања кои не биле основани.

## УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВОЗРАСТА НА ДОГОВАРАЧОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Возраст на договарачот

### Член 17

На договарачот на осигурувањето, кој во моментот на склучување на договорот за осигурување нема наполнето 22, односно 26 години или има наполнето 70 години, му се пресметува доплаток на премијата во % од премијата за основниот степен 10 (100% премија во табелите по одделни тарифни групи), намалена за бонусот односно зголемена за малусот и тоа:

| **Возраст на договарачот** | **Доплаток на премија** |
|---|---|
| до 22 години | 15% |
| од 22 до 26 години | 10% |
| над 70 години | 15% |

## ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ ВО СТРАНСТВО

### Член 18

(1) Ако е платена доплатна премија и за соодветното моторно возило е издадена зелена карта, во договорот за осигурување се обезбедува осигурително покритие за штети причинети во земјите членки на системот на зелена карта за времетраењето на важноста на зелената карта во висина на минималните осигурени суми во посетената земја, освен ако покритието од полисата за осигурување е поповолно за осигуреникот.

(2) Оваа карта се издава исклучиво за возила со македонски регистарски таблички.

(3) За издавање на зелената карта се наплатува премија со посебна одлука, која ја носи Националното биро за осигурување.

## ПОСЕБНИ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊА

### Општи одредби

### Член 19

Покрај основниот вид осигурување од автомобилска одговорност, можат да се договорат и посебни видови осигурувања, и тоа:

а) осигурување возила за време на пробни возења и престој во складишта;
б) осигурување возила за време на допремување на сопствени оски (пер акс);
в) осигурување моторни возила со пробни таблички;
г) осигурување возила за време на мобилизација од властите и за време на разни самозаштитни акции.

На посебните видови осигурувања не се применуваат одредбите за примена на табелата за пресметка на премија за краткорочно осигурување и за начинот на пресметка про-рата темпорис за бонус и малус и за проширување на обемот на покритие по оваа тарифа.

## ВИСИНА НА ОСИГУРИТЕЛНОТО ПОКРИТИЕ

### Член 20

Премијата за осигурување што е утврдена во Табелите по одредени тарифни групи, обезбедува осигурително покритие во висина на минималните суми на осигурување согласно со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

За зголемување на осигурителното покритие на барање на договарачот на осигурување или по сила на закон, со договорот за осигурување од автомобилска одговорност може да се договори повисока обврска на друштвото за осигурување од минималните суми на осигурување предвидени со Законот, и се утврдува со Тарифата на премии за осигурување од автомобилска одговорност.

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

### Член 21

(1) Договарачот на осигурување ја плаќа премијата при преземање на полисата, ако не е договорено поинаку.

(2) Договарачот на осигурувањето ја плаќа премијата на свој ризик и трошок.

(3) Ако премијата е платена по пошта или преку банка депонент, како ден на плаќање се смета денот кога премијата уредно е уплатена.

## ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

### Член 22

Во случај на уништување или одјавување на возилото, осигурителот е во обврска, по барање, да врати дел од премијата за преостанатото времетраење на осигурувањето (про-рата), сметано од денот на приемот на барањето за откажување на договорот, доколку до тогаш не се остварил осигурен случај.

## ПИСМЕНА ФОРМА

**Член 23**

(1) Договорот за осигурување е полноважен само ако е склучен во писмена форма.

(2) Сите известувања и изјави што се даваат по одредбите на договорот за осигурување, мора да бидат дадени во писмена форма.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24
Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Член 25
Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Член 26
Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

Член 27
Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични

податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

Член 28
Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.
ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска" бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје" или преку електронска адреса info@grawe.mk.

Член 29
Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

Член 30
Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

Член 31
Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

Член 32

Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.

По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

Претседател на Управен одбор
Елизабета Божиновска

Акционерско друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ
Скопје